РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 08-1012/24
06.06. 20 23 год.
КОЧАНИ

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ), и Договорот за соработка Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина КОЧАНИ , во рамките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година усвоен од Владата на Република Северна Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ, на ден 06.06.2023 -година се објавува:

# Ј А В Е Н   П О В И К

до евидентирани невработени лица за вклучување во

Програмата Општинско - корисна работа

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект "СПЛОТЕНОСТ " за вклучување/работно ангажирање со скратено работно време од 9 (девет) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување КОЧАНИ.

Евидентираните невранботени лица кои немаат сертификат/уверение признаен од релевантните институции за стекнати вештини/ компетенции за занимања од социјалната и здравствената сфера согласно услугата која треба да се испорачува ќе бидат вклучени во програмата при што 3 месеци ќе добијат задолжителна обука и 6 месеци работно ангажирање.

**Вкупниот период на вклученост на невработените лица преку програмата изнесува 9 месеци во кој влегува обуката и работниот ангажман**.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на задолжителната обука од 3 месеци за лицата кои не поседуваат соодветен сертификат/уверение признаен од релевантните институции за стекнати вештини/ компетенции за занимања од социјалната и здравствената сфера согласно услугата која треба да се испорачува и за време на работниот ангажман од 6 (шест)месеци/ 9(девет) месеци статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на паричен надоместок и на корисници на право на Гарантирана минимална помош за времетраење на работно ангажирање ќе им биде активно претходно остварено право.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа" имаат сите невработени лица, при што предност ќе имаат лицата кои за прв пат се јавуваат за учество во Програмата .

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 13.750,00 денари бруто износ за времетраењето на обуката и работното ангажирање, со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

| | |
|---|---|
| X долгорочно невработени лица (над 12 месеци во евиденција, со предност на невработени лица над 5 години)<br>X млади лица до 29 години<br>X лица постари од 50 години<br>X невработени лица на кои им престанал работниот однос во периодот на Коронавирусот COVID -19<br>X лица корисници на гарантирана минимална помош | X лица со попреченост<br>X самохрани родители<br>X родители на деца со пречки во развојот<br>X родители на 3 и повеќе деца<br>X родители на деца на улица<br>X лица корисници на паричен надоместок по основ на невработеност<br>X лица кои имале статус на деца без родители и родителска грижа<br>X жртви на семејно насилство |

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

**Работно место 1**: ***Негувател/едукатор во ЈОУДГ „Равлина Велјанова"*** (*Работа со деца од предучилишна возраст согласно упатствата и стандардите на Програмата на ЈОУДГ „Павлина Велјанова': нега и грижа за децата, помош во спроведување на воспитно-едукативни активности. Помош при нега и грижа на деца од предучилишна возраст: помош при хранење, успивање,прием на децата во градинка, помош при присособување и сл.),*

Позиции за работно место 1: **5 (пет) работни места**

Потребни квалификации и занимања за Работно место 1: (*ССС со завршена гимназија, средно медицинско, средно музичко и ликовно или фискултура). Кандидатите треба да имаат лиценца за работа со деца од предучилишна возраст добиена од Комисијата за лиценцирање преку Министерство за труд и социјална политика ( МТСП) .;*

**Работно место 2: *Посредник /давател на услуга во центар за донации*** (*Обавување дежурство во Центарот за донација при што: посредување при*

*прибирање и донирање на донации : облека, обувки, покривки, постелнина,садови за домаќинство и друго. Прием на донираните работи, давање на донациите на корисниците на услугите (социјално загрозените граѓани). Одржување на ред во центарот за донација, диплење и сортирање на добиената донација и прилагодување на истата спрема потребите на корисниците*

Позиции за работно место 2: **2 (две) работни места**

Потребни квалификации и занимања за Работно место 2: *Средно/основно образование*

- Пожелно е барем едното лице да има работно искуство во центарот за донации и да е член на Здружението „Благородна мисија"

**Работно место 3 : *Негуватели на лица со попречност*** *(Негувателите ќе имаат за задача да му помагаат на лицето со попреченост во извршување на секојдневните активности: подготовка, на храна, лична хигиена,одржување на хигиена во домот, прошетка, пазарење, плаќање сметки, помош околу одење на болница , социјализација и дружење и сл)*

Позиции за работно место 3 : **5 позиции (пет)** работни места

Потребни квалификации и занимања за Работно место 3: *Средно/основно образование*

- Предност ќе имаат лицата од руралните средини Тркање и Бели бидејчи има корисници на услугата во тие средини (лица со попреченост)

**Работно место 4: *Психо-социјална поддршка*** *(Да му помогне на старото лице или лицето со попреченост или тешко болното лице да се чувствува поубаво, да не запаѓа во депресија, да му даде волја за живот, да го охрабрува и советува да му даде совети и препораки за подобар социјален живот).*

Позиции за работно место 4 : **1 (едно)**

Потребни квалификации и занимања за Работно место 4: *ВСС , дипл.психолог*

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа" можат да поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување КОЧАНИ во периодот од 6-ти јуни 2023 година до 11-ти јуни 2023 година, од 08:00 до 14:00 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина КОЧАНИ и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа" можат да се добијат во општина КОЧАНИ кај лицето Аника Илијевска Ѓорѓиева, Општински координатор за

Програмата „Општинско-корисна работа“, Агенција за вработување- Центар за вработување КОЧАНИ кај лицето Драгица Санданска, тел:078-274-842 и Центар за социјлна работа КОЧАНИ кај лицето Зага Андонова, тел.078-687-953;

Изготвил, А.И.Ѓ

06.06.2023 година

К о ч а н и

ГРАДОНАЧАЛНИК,

на Општина Кочани

Љупчо Папазов ,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ *